**Асоцијацијата за е-трговија на Македонија - АЕТМ Скопје**
**како дел од проектот „Активност за јакнење на деловниот екосистем“**
**финансиран од УСАИД, а спроведуван од Консалтинг за стратешки развој**

**објавува**

**ПОВИК ЗА НАБАВКА НА УСЛУГИ – ИЗРАБОТКА НА ВЕБ ПЛАТФОРМА**

| | |
|---|---|
| **Име на проект** | “Градење на подобра заедница за е-трговија во РСМ” |
| **Задача** | Развој и изработка на веб платформа за дигитализација на процеси - беџ за верификуван е-трговец, членство и регистар на е-трговци |
| **Повик број** | 1/ 2023 |
| **Времетрање на задачата** | 11.09.2023 - 31.03.2024 |

1. **Краток опис на Проектот**

Проектот, со наслов “Градење на подобра заедница за е-трговија во РСМ” - грант во рамките на проектот „Активност за јакнење на деловниот екосистем“, чиј имплементатор е Асоцијацијата за е-трговија на Македонија – АЕТМ, вклучува развој и изработка на сеопфатна централизирана онлајн платформа која ќе се состои од регистар на сите е-продавачи во Република С. Македонија, информации и апликација за здобивање на беџ за верификуван е-трговец, вклучително и листа со профили на е-трговците кои се здобиле со ваков беџ, како и регистар на членови на АЕТМ. Во веб платформата ќе има вклучено и контакт форма за пријавување на поплаки од верификувани е-трговци, која ќе води до releватните институции за овој дел.

Платформата ќе им служи на е-продавачите и на е-купувачите: е-продавачите ќе можат да аплицираат и да платат онлајн за да бидат верифицирани и да добијат Беџ за верификуван е-трговец и да добиваат дополнителни услуги на автоматизиран начин од АЕТМ меѓу кои и аплицирање и уплаќање за членство; е-купувачите ќе можат да ги проверат регистрираните и вефифицираните е-трговци, да дознаат за придобивките од онлајн купувањето од верификуваните е-трговци, да пријават поплаки од верификуваните и/или регистрираните е-продавачи брзо, едноставно и лесно до соодветните институции. Развојот на платформата ќе биде проследен со организација на настан за промоција на веб платформата и со континуирана промоција. АЕТМ, исто така, ќе организира едукативен

настан за верифкувани е-трговци кој ќе биде достапен само за оние кои го добиле беџот, обезбедувајќи им на е-трговците дополнителни информации, неформално образование и можности да ги подобрат своите бизниси во е-трговија.

Имплементацијата на проектот се состои од четири главни фази:

**Фаза 1: Планирање и подготовка (јули/август 2023)**

- Изработка на техничка спецификација
- Собирање на понуди за развој на веб платформата
- Иницијални средби со релевантни институции и соработници

**Фаза 2: Развој и лансирање на информативна содржина од веб платформа (септември - ноември 2023)**

- Креирање на регистар на сите регистрирани е-продавници во РСМ
- Креирање на информативна содржина за веб платформата
- Развој на модулот и лансирање на информативната содржина на веб платформата

**Фаза 3: Развој и лансирање на автоматизирана содржина од веб платформа (декември - март 2024)**

- Миграција на веќе постоечките верификувани е-трговци на нова платформа и креирање на нивни профили
- Развој на автоматизиран дел од веб платформата и лансирање на истата
- Организирање на отворен ден - настан за промоција на беџот и веб-платформата

**Фаза 4: Свесност и едукација (април - јули 2024)**

- Креирање на кампања за поддршка на 15 е-продавници за стекнување со беџ
- Организирање на настан за промоција на беџот и веб-платформата
- Едукативен ден на атрактивна тема од е-трговијата за верификувани е-трговци

## 2. Цели на повикот

Развојот на оваа веб-платформа има за цел да придонесе кон намалување на сивата економија во е-трговијата во Македонија, како и да придонесе за подобрување на

ефикасноста и унапредување на работењето на АЕТМ.  Дополнително оваа веб платформа има за цел да овозможи:

- Е-купувачите да можат лесно да направат разлика помеѓу регистрираните и нерегистрираните е-продавачи на веб платформата со помош на регистарот за е-трговци и листата на верификувани е-трговци
- Е-трговците дополнително да ја зголемат довербата од потрошувачите во своите е-продавници со добивање на беџ за верификуван е-трговец
- АЕТМ да направи чекор напред во интерните процеси и да ја унапреди својата работа и услугите кои ги нуди на членови, меѓу кои и автоматизација на апликациите и фактурите за членство и дигитализација на останатите процеси поврзани со беџот за верификуван е-трговец, со што ќе се зголемат капацитетите на Асоцијацијата.
- Да се промовираат едукативни и информативни содржини за е-продавачите, е-купувачите и јавноста.

### 3. Опис на задачата

Изведувачот е потребно да развие веб платформа (фаза 2 и 3 од проектот), согласно техничката спецификација која е составен дел од овој повик.

Информативната и автоматизираната содржина на веб платформата, која треба да биде достапна на македонски и англиски јазик, треба да е структурирана во 3 модули:

- **Модул 1 - Верификуван е-трговец** (информативен дел/страници + функционалности за аплцирање, реобновување и менаџирање со интегрирано recurring плаќање и автоматски генерирање на фактури)
- **Модул 2 - Членови на АЕТМ** (информативен дел за бенефитите од членство, аплицирање и интегрирано recurring плаќање членство со менаџирање на онлајн регистар на членови)
- **Модул 3 - Регистар на е-трговци** ( со можност за пребуравање на регистрирани е-трговци по име на правен субјект, урл адреса и категоризација)

Фунционалностите кои ќе треба да ги имаат модулите вклучуваат:

- Информативни страници за корисниците + формулари за аплицирање
- Администраторски панел за менаџирање на барањата
- Subscription based (recurring плаќање) за верификуван е-трговец и членство во АЕТМ (Модул 1 и Модул 2)
- Наплата со картичка и банкарски трансфер

- Автоматско издавање на фактура за извршена наплата
- Admininистраторски панел за менаџирање и филтрирање на базата со беџ за верификувани е-трговци и регистар на членови, по парамаетри зададени во самата база. (дел од пребарувањата може да се достапни и за крајниот корисник)
- Нотификациски систем за пораки базирани на акции (емаил известувања)
- Генерирање на динамички линкови и/или додаток за поставување на беџ за верификуван е-трговец поврзан со уникатен профил на верификуван е-трговец со можност за негово исклучување согласно статус на наплата.

### 4. Очекувани резултати

Развиени и лансирани модули на веб платформата:

- Модул 1 - Верификуван е-трговец (информативен дел/страници + функционалности за аплциирање, реобновување и менаџирање)
- Модул 2 - Членство во АЕТМ (информативен дел за бенефитите од членство + аплицирање и плаќање членство со менаџирање на онлајн регистар на членови)
- Модул 3 - Регистар на е-трговци (со можност за пребарување по правен субјект и урл адреса и филтрирање по категории)

### 5. Временска рамка за извршување на задачата

Развивањето на веб пллатформата ќе се реализира септември 2023 до март 2024 година (7 месеци).

### 6. Критериуми за избор на најповолен понудувач

Изведувачот ќе работи тесно со другите експерти назначени за оваа активност и ќе биде во тесна соработка со Асоцијацијата за е-трговија на Македонија - АЕТМ, која ќе ги одобрува испорачаните резултати.

**Критериуми и квалификации**

Само компаниите кои ги исполнуваат следните услови ќе бидат подобни за овој повик:

- Најмалку 5 години докажано искуство во развивање и управување со информативни (веб) платформи базирани на wordpress, вклучително и развој на сопствени теми и додатоци.
- Искуство во соработка со најмалку 3 компании во развој на веб апликации поврзани со е-трговија (со интегрирани платежни солуции)
- Стручно искуство на тим лидерот на проектот за развој на веб платформата - најмалку 10 години

Дополнително, ќе се смета како предност доколку понудувачот:

- Има интернационална Wordpress сертификација за работа.

**Потребни документи за апликација**

Изведувачот е потребно да достави:

- Тековна Состојба (не постара од 3 месеци);
- CV од тим лидерот кој би го водел развојот на веб платформата;
- Портфолио од развој на сопствени wordpress апликации кои не се базирани на теми;
- Портфолио од развиени сопствени wordpress додатоци;
- Три референци за претходно реализирани проекти поврзани со е-трговија;
- Изјава со која се гарантира оригиналност на новопонудената услуга и евентуална заштита од прекршување на авторските права.

## 7. Начин на аплицирање

Понудата се составува на македонски јазик. Понудите се поднесуваат преку официјалната е-пошта на Асоцијацијата за е-трговија на Македонија - АЕТМ: info@ecommerce.mk.

Понудувачот треба да ги достави следните документ во PDF: Финансиска понуда (PDF), како и придружните документи, наведени во делот „Потребни документи за апликација“.

Поднесувањето на финансиската понуда е детално објаснето во следните делови. Доколку тоа не се стори може да доведе до исклучување од тендерската постапка.

**Содржина на финансиската понуда**

Финансиската понуда треба да се состои од спецификации на фазите и деловите како што е претставено во техничката спецификација, која е придружен документ на овој повик.

Ве молиме пресметајте ја вашата понуда за цена врз основа на барањата наведени во техничката спецификација. Понудата за цена треба да биде претставена на вашиот меморандум и изразена во нето износ МКД денари. Проектот “Градење на подобра заедница за е-трговија во РСМ” е ослободен од ДДВ. Финансиската понуда треба да вклучува и предлог план за плаќање.

Понуда, мора да биде јасно означена и поднесена преку е-пошта, со следниве информации:

- **Предмет/ наслов:** Понуда за развој на веб-платформа за беџ за верификуван е-трговец – [иницијали на компанијата/кратенка]

- **Прилог:** Финансиска понуда во PDF и придружни документи (барани документи наведени во „Потребни документи за апликација“)
- **Да се испрати на:** info@ecommerce.mk

**Трошоци за подготовка на понудата**
За подготовка на понудата нема да се додели надоместок.

## 8. Услови и евалуација на понудата

Крајниот рок за поднесување на понудите е 1 септември 2023 година, до 23:59 часот - една календарска недела од објавувањето на овој повик. По истекот на рокот за поднесување на понудите, пристигнатите понуди ќе бидат отворени и евалуирани.

Евалуацијата на понудите ќе се темели врз база на следните критериуми:
- 50% финансиска понуда
- 50% квалитет на портфолио и претходно искуство на компанијата и тим лидерот во изработка на софтверски решенија

Евалуацијата на понудите е предвидено да заврши до 05.09.2023 година, при што ќе се изврши оценка на понудувачите. По завршување на процесот на евалуација и избор на најповолен понудувач, сите понудувачи ќе бидат известени за исходот.

Од процедурални причини, нема да бидат дадени информации за статусот на евалуацијата во очекување на одлуката за доделување на договорот. Затоа ќе ве замолиме да се воздржите од прашања за ова.

Предвидено е работата да започне по процесот на евалуација и склучување на Договор.

## 9. Забелешка

Ве молиме прочитајте ги сите информации за веб-платформата во Техничката спецификација приложена како Анекс 1 од овој документ.

## 10. Приватност

Доколку се пријавите за учество на овој повик се подразбира дека ја имате дадено Вашата согласност за обработка на личните податоци за целите за кои ги доставувате. Овие податоци ги собира Асоцијацијата за е-трговија во Македонија за потребите на повикот за изработка на веб платформа и ќе се користат токму за овие цели.

Секој пријавен апликант го задржува правот да бара бришење на податоците за законските норми и политиката за приватност.